**Предмет:** Покана за учество на дебата

Почитувани,

**Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)** Ве поканува да учествувате на дебатата со наслов **Слобода на вероисповед: Состојбата и предизвиците на верската дискриминација**.

Дебатата ќе се одржи на **29 ноември 2013 г. (петок) со почеток од 11:00 ч. во х. Холидеј Ин, во Скопје.**

Целта на дебатата е да се дискутира моменталната состојба во Македонија како и европските искуства и практики во справувањето на дискриминација по верска основа. Воведни излагања ќе имаат Беким Кадриу, универзитетски професор и Ирена Митевска, член на КЗД. Настанот ќе го фасилитира Александар Кжаловски, Прв извршен директор на МЦМС. Присутните ќе можат активно да се вклучат во дискусија, изнесувајќи ги своите идеи и коментари кои ќе бидат соодветно проследени и кон кои ќе се насочат решенијата во иднина.

Дебатата е дел од активностите на проектот „Од норма до пракса за еднаквост" кој го спроведува МЦМС во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот финансиски е поддржан од програмата Прогрес (2007-2013) на Европската Унија.

Главната цел на проектот е да се придонесе кон почитувањето на еднаквоста, како и да се поттикне борбата против дискриминацијата, преку подигнување на свеста на широката јавност, но и на клучните чинители во општеството. Понатаму, преку проектот ќе се унапредат националните правни инструменти и механизми, со цел да се надминат најголемите предизвици во справувањето со дискриминацијата во пракса.

Ве молиме вашето присуство да го потврдите до **четврток, 28 ноември 2013 г.** на е-маил fsh@mcms.mk. Доколку Вие лично не сте во можност да присуствувате, Ве молиме да номинирате претставник од Вашата институција/организација.

За сите дополнителни информации побарајте го Фисник Шабани на тел. 070 632 692.

*Прилог: Предлог агенда*

Со почит,

Александар Кржаловски
Прв извршен директор

ФШб/ФШб

Димче Митрески
Извршен директор

08-72/44-2013
Скопје, 18.11.2013

Проектот „**Од норма до пракса**" е поддржан од Програмата на Европска Унија за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕСС (2007-2013)

**Дебата: Состојбата и предизвиците на верската дискриминација**

29 ноември 2013 г. (петок), 11:00 ч.

Место **:** х. Холидеј Ин

## Дневен ред

| | |
|---|---|
| **11:00 – 11:15** | **Регистрација на учесниците** |
| **11:15 – 11:30** | **Вовед во дебатата и претставување на проектот „Од норма до пракса“**<br>Александар Кржаловски, Прв извршен директор на МЦМС |
| **11:30 – 12:00** | **Презентација: Слобода на вероисповед: меѓународни стандардни и предизвици во Република Македонија**<br>Др. Беким Кадриу, универзитетски професор<br>Слободата на вероисповед во контекст на не-дискриминацијата и потребата од разумно прилагодување на различните форми на манифестација на верата |
| **12:00 – 12:30** | **Презентација: Рамки на функционирањето и улогата на КЗД во борба против дискриминацијата**<br>Ирена Митевска, член на Комисија за заштита од дискриминација, КЗД<br>Улогата на институциите на системот во борбата против дискриминација по основ на вера, посебно на Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД) |
| **12:30 – 13:00** | **Дискусија** |
| **13:00** | **Коктел** |

Проектот „**Од норма до пракса**“ е поддржан од Програмата на Европска Унија за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕСС (2007-2013)